ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ ТОДОР ЦИПОВСКИ МЕРЏАН
ТЕТЕКС АД ТЕТОВО

# И З В Е Ш Т А Ј
за работењето на Одборот на директори при
ТЕТЕКС АД Тетово во 2016 година

Тетово, февруари 2017 год.

# И З В Е Ш Т А Ј

***за работењето на Одборот на директори при ТЕТЕКС АД Тетово во 2016 година***

Целта на овој Извештај е да обезбеди информации на акционерите на Тетекс АД Тетово, за успешноста на работењето на Одборот, и резултатите на управување со доверените ресурси во текот на извештајната 2016 год.

Целиот извештаен период се карактеризира со обезбедување на добро работење и управување и стабилност, ликвидност, солвентност и ефикасност на Друштвото, навремено откривање и елиминирање на проблемите, подобрување на конкуретност на пазар, како услов за заштита и зголемување на капиталот на Друштво.

Одборот на директори има најшироки овластувања во управување со Тетекс АД Тетово преку едностепен систем на управување кој своите права и овластувања ги има и остварува согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Тетекс АД Тетово.

Одборот на Директори согласно своите надлежности беше активно вклучен во тековното работење како и во креирањето на деловните политики и стратегии на Друштвото, со исклучок на овластувањата кои изречно му се дадени на Собранието на акционери, зареализација на зацртаните планови во согласност со искажаната доверба на акционерите.

Неговиот состав е утврден согласно Законот и Статутот и тоа извршен директор М–р Глигорие Гоговски– Генерален директор, Борислав Трповски – Председател на Одборот на директори, Стеван Томоски – неизвршен член, Проф. Д–р Тито Беличанец – независен член, Академик Владо Камбовски независен член, Евгенија Трпкоска неизвршен член, Звонимир Ристоски неизвршен член.

Одборот на директори своите права, обврски и одговорности ги извршуваше согласно ЗТД и Статутот на Друштвото преку одржување на седници со носење одлуки, заклучоци, информации во рамките на предвидените надлежности.

Во текот на 2016 година, Одборот на директори одржа 12 седници на кои беа разгледани прашања, што се во надлежност на Одборот на директори, согласно Статутот на Друштвото.

На седниците е одлучувано како за прашања од рамките на редовното работење, така и за прашања од стратешки интерес на Друштвото и предлагаше активни мерки во насока на намалување на трошоци во сите области од работењето

Одборот на директори на своите седници ги разгледуваше месечните, кварталните, полугодишните и годишниот извештаи за работењето на Друштвото, при што беа посебно анализирани движењата на производството по фабрики и на ниво на Друштвото, остварениот извоз, како и реализацијата на домашниот пазар, состојбата со работна сила, нивото на исплатени плати на вработените, нивото на залихи на готови производи, како и набавките на суровини и репроматеријали, состојба со движење на цени на енергенси.

Одборот на директори на одржаните седници ги разгледа периодичните и годишната пресметка на материјално–финансиските резултати на Друштвото

Одборот на директори во текот на годината на своите седници ги разгледуваше месечните, кварталните, полугодишните и годишните извештаи за работењето на Друштвата каде Тетекс е основач и ги разгледа и усвои годишните сметки за 2016 на друштвата каде Тетекс е основач.

Во рамките на своите надлежности, Одборот на директори на своите седници одржани во текот на 2016 година ги разгледа и усвои > Извештајот за попис на основни средства за 2015< барањата за расходување на основни средства од фабриките и ЕЕ, поради дотраеност, одлуки за отпис на застарени побарувања и обврски, продажба на акции од други Друштва, за продавање на недвижности сопственост на Тетекс АД Тетово, донесе План за внатрешна ревизија за 2016 истотака донесе Одлука за свикување на годишно собрание за деловната 2015 го,

Одборот на директори ги усвои годишната сметка за Тетекс АД Тетово за деловната 2015 година и Консолидираната годишна сметка за Тетекс АД Тетово и придружни друштва, одлука за распределба на добивка за деловната 2015 год., одлука за исплата на дивиденда за деловната 2015 год. и дивиденден календар, предлог за финансиски план за 2016, го усвои Извештајот од внатрешна ревизија и истите ги достави до годишното собрание на усвојување.

Одборот на директори и во текот на 2017 год. и понатаму согласно позитивните законски прописи ќе продолжи да управува со Друштвото водејќи постојана грижа за заштита на интересите на акционерите на Друштвото, вработените и општествената одговорност.

Согласно одредбите на Законот за Трговски Друштва, Одборот на директори на Тетекс АД Тетово го поднесува овој Извештај за работењето на Одборот на директори при ТЕТЕКС АД Тетово во 2016 година до Собрание на акционери на Тетекс АД Тетово за негово усвојување и одобрување на работата на членовите на Одборот

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Председател

Борислав Трповски